УДК 821.163.3:050(497.7)''1945/1950''

Прегледен труд
Review paper

# АЦО ШОПОВ НА СТРАНИЦИТЕ НА СПИСАНИЕТО *НОВ ДЕН*

**Славчо Ковилоски**
проф. д-р, Институт за македонска литература, Скопје
slavcho.koviloski@outlook.com

**Апстракт**: Во текстот се осврнуваме на книжевните почетоци на Ацо Шопов коишто во голема мера се поврзани со појавата и излегувањето на списанието *Нов ден* (1945 – 1950). Шопов се јавува како автор, а потоа и како уредник на самото списание, со коешто започнува книжевниот живот на современ македонски јазик по Втората светска војна. Проследување на дејноста на Шопов на страниците на *Нов ден* значи и проучување на историјата на македонската литература.

**Клучни зборови**: *Ацо Шопов, списание „Нов ден", списание „Современост", Друштво на писателите на Македонија, повоена македонска литература.*

За повоената македонска литература е пишувано многупати. Потенцирани се разни специфики во развојот на книжевноста на кодифициран македонски јазик, преку појавата на првите поетски збирки, раскази и романи, па сè до првите судири и полемики на стилско-естетски план. Во ова време веќе се изградени како автори или започнуваат да се градат идните македонски книжевни класични писатели, меѓу кои, секако, влегува и Ацо Шопов.

Како што е кажано и во самиот наслов на нашиот труд, ние ќе се осврнеме на книжевните почетоци на Шопов коишто во голема мера се поврзани со појавата и излегувањето на првото македонско повоено литературно списание *Нов ден* (1945 – 1950). Тој тука се јавил како автор, а потоа и како уредник на списанието, со коешто започнува книжевниот живот на современ македонски јазик по Втората светска војна. Тоа значи дека проследување на дејноста на Шопов на страниците на *Нов ден* се однесува и на проучување на историјата на македонската литература во периодот по Втората светска војна.

Најпрво за списанието: *Нов ден* излегувал во периодот од 1945 до 1950 година. Негови уредници биле: Владо Малески-Тале, Блаже Конески, Славко Јаневски, Димитар Митрев, Коле Чашуле, како и Ацо Шопов. На почетокот, списанието се појавило како издание на Друштвото на уметници, научници

и новинари од Македонија, за во 1947 година да стане орган на Друштвото на писателите на Македонија. Во 1950 година престанало да излегува поради наметнувањето на „линија“ од самото ДПМ: „по прашањата на литерарното творештво кај нас, ‘линија’ која по таков начин би требало да биде дисциплинирано прифатена од сите членови на Друштвото, така и од останалите соработници во неговиот орган“. Понатаму, во образложението за прекинувањето на работата на Редакцијата на списанието се додава: „Во такви услови постоеше опасност извесни чисто субјективни мислења по ова или она прашање да си припишуваат некаква официелна важност, што, се разбира, може во некои случаи да претставува пречка во развитокот на слободното литератно творештво“ (*Современост*, 1951, стр. 3–4). Веднаш по неговото згаснување, неговото место го зазема списанието *Современост*, во кое влегле мнозинство од претходните уредници и на чии страници Шопов ќе го продолжи својот творечки пат.

Присуството на Шопов на страниците на првото македонско литературно списание во слободна Македонија можеме да го сместиме и за него можеме да зборуваме во две категории: а) неговото творештво на страниците на *Нов ден,* и б) неговиот творечки ангажман на регистриран на страниците на *Нов ден*. Покрај овие две категории, ќе се позанимаваме уште малку со фактографија, па ќе го истакнеме и следното: со своја творба Шопов е застапен уште во првиот број на списанието, бројот 1 од 1945 година, по што следува едно подолго отсуство од неговите страници. Исто така, важно е да се спомене и дека како уредник на *Нов ден* за првпат се јавува од бројот 1–2 од 1950 година. Значи, целокупното присуство на Шопов во списанието влегува во првата фаза на неговото творештво 1945 – 1955 година кога создавал социјална лирика од исповеден вид (Старделов, 1933, стр. 22).

Најпрво, ќе се задржиме на сето она што означува *негов творечки ангажман*, што ги опфаќа поезијата и препевите. Објавената поезија се состои од следните творби: „11 Октомври (стихотворба)“ (*Нов ден*, понатаму: НД, 1945, бр. 1, стр. 23), „Очи“ и „Една ноќ во офанзива“ (НД, 1946, бр, 1–2, стр. 64–65 и 66–69), „За љубовта наша делата ќе кажат“ (НД, 1948, бр. 7, стр. 18–19), „Пред тргнување“ (НД, 1948, бр. 10, стр. 31–32), „Задружна песна“ (НД, 1949, стр. 146), „Песна за Елада“ и „Во градот на Орце“ (НД, 1949, бр. 8–9, стр. 370–375 и стр. 378–379), „Крај граничната меѓа“ (НД, бр. 10, 1949, стр. 550), „Сретба“ (НД, 1950, бр. 5, стр. 25–28), „Разговор со синот“, „Трепет“, „Во пресрет на животот“ (НД, 1950, бр. 8–10, стр. 60–62).

Праксата за објавување заеднички збирки и препеви е една од карактеристиките на македонската книжевност и на Ацо Шопов во првите години по ослободувањето. Така, познати се колективната збирка со Блаже Конески, Јаневски, Гого Ивановски и Лазо Каревски *Песни* од 1946 година, заедничка збирка со Славко Јаневски *Пруга на младоста* од 1947 година,

потоа и заедничкиот препев од Едуард Багрицки, „Песна за Апана́са“. Притоа, впечатлив е блискиот однос што Шопов го развил со Јаневски на полето на литературата, па оваа соработка траела и во годините што следувале. Така, на пример, инспирирани од изградбата на пругата Брчко-Бановиќ, двајцата ја подготвиле и ја издале *Пруга на младоста*. Исто така, погоре наведените песни на Шопов најпрво објавени на страниците на *Нов ден* ги сретнуваме објавени и во неговите збирки *Со наши раце* од 1950 година („За љубовта наша делата ќе кажат“, „Во градот на Орце“) и *Стихови за макаата и радоста* од 1952 година („Разговор со синот“, „Трепет“, „Во пресрет на животот“).

Од препевите ги евидентиравме: „Пролет во Волча Јама“ од Густав Крклец, (НД, 1950, бр. 7, стр. 41–42), „Песна за Апана́са“ од Едуард Багрицки во заеднички препев со Славко Јаневски, како и препевот на една песна од Десанка Максимовиќ, „Претчувствие“ (НД, 1950, стр. 63).

Од *творечките ангажмани регистрирани* на страниците на *Нов ден* поврзани со Шопов во прв ред ќе го споменеме текстот „Песните на Ацо Шопов“ од Димитар Митрев, (НД, бр. 1, стр. 58–60). Критичкиот осврт се однесува на првата книга во нашата книжевност објавена во слободна Македонија. Самиот текст посветен на Шопов, што воедно е и првото критичко видување за неговото творештво го означува и почетокот на македонската книжевна критика, која, ете, започнува токму со проследување на поезијата на штипјанецот. Митрев е потписник на уште еден критички осврт посветен на заедничката збирка песни на Шопов и Јаневски: „’Пруга на младоста’ – стихозбирка од Славко Јаневски и Ацо Шопов“ (Митрев, 1946, стр. 61–63). Во контекст на критичките огледи за одредени тематски предизвици ќе го споменеме и текстот на Јован Бошковски којшто го споменува и Шопов како еден од творците што се занимавале со темата на изградбата во македонската литература (Бошковски, 1949, стр. 409–413).

Понатаму, регистрираме и повеќе информации за настапи, награди и севкупно за книжевната дејност објавени во рубриките „Културни вести“, „Белешки“, „Литературни читања“, рефератите на Димитар Митрев по повод Годишните собранија на Друштвото на писателите на Македонија, како и на кратката полемичка преписка на Јаневски со Митрев по повод рефератот за 1949 година во којашто се споменува и Шопов. Така, и покрај топло-ладните односи на Митрев со Јаневски, а оттаму и со Шопов, првиот сепак сметал дека „имаме веќе поети, како Блаже Конески, Славко Јаневски и Ацо Шопов, со утврдени авторски црти во својата поезија“ (Митрев, 1950, стр. 70). Како што може да се види понатаму, оваа тројка учествувала на повеќе литературни читања во Скопје и низ Македонија, рамо до рамо со тогаш најпознатите југословенски писатели како: Оскар Давичо, Густав Крклец, Исак Самоковлија и др. (*Нов ден*, 1950а, стр. 60).

Дел од овие кратки информации се од чисто фактографски карактер, како, на пример, веста дека Шопов учествувал на литературни читања организирани од ДПМ во Скопје, Битола, Охрид и Струга; дека од Министерството на народна просвета бил награден со парична сума од 3.000 динари, колку што зеле и Владо Малески и Блаже Конески, а повеќе од Димитар Митрев, Јаневски, Иван Точко, Коле Чашуле и др.; дека била финансирана неговата збирка песни *На Грамос* итн. Интересно е што *На Грамос* попатно се споменува на повеќе места во различни броеви на *Нов ден*, при што било потенцирано дека станува збор за „збирка стихови за борбата на македонскиот народ во Егејска Македонија и ликвидацијата на борбата на грчкиот народ" (*Нов ден*, 1950б, стр. 75).

Од друга страна, разгледана е и анализирана книжевната дејност на Шопов, меѓу другите, при што неговото име било споменувано во контекст на постојан литературен ангажман со претставувања пред публиката, но и врз основа на поетските објави. Така, забележливиот растеж на неговата поетската мисла. „Позитивна појава е што на страниците на 'Нов ден' сè почесто се среќаваат оригинални творби на наши членови и кандидати, а исто така и преводи на творби од други југословенски писатели, коешто ќе треба да продолжи и понатаму и да се застапат творби на најдобрите писатели од сите наши републики", пишува на едно место Д. Митрев, а меѓу најдобрите претставници во југословенската литература ги издвојува С. Јаневски, А. Шопов, Ѓорѓи Абаџиев, Коле Чашуле, а понатаму и Јордан Леов, Гане Тодоровски и Србо Ивановски. Уште тогаш, а и подоцна за Д. Митрев, Конески, Јаневски и Шопов биле „најмаркантни претставници на македонскиот поетски збор" (Митрев, 1972, стр. 15)

Во кратките информативни белешки и извештаите за работата на Друштвото на писателите и на *Нов ден*, во неколку наврати се потенцирало дека Јаневски и Шопов, објавиле песни во коишто со силата на уметничкиот збор стануваат изразител на општонародната борба со лагите што се ширеле против Македонија. „Сигурниот скок" во развитокот на Шопов како автор бил очигледен, слично како и оној на Јаневски, па со обработените теми за херојската борба на македонскиот народ „и двајцата поети, исполнија еден висок патриотски и општественички долг" (Митрев, 1950, стр. 69).

Општиот впечаток е дека во периодот меѓу 1945 и 1950 година, односно периодот на постоење на списанието *Нов ден*, „зборот/песната на Шопов е акција и во служба на битката за обнова и изградба на земјата и колективното јакнење на националната свест на новиот социјалистички човек. Во тој контекст песните што се создаваат првенствено се значајни по тоа што го трасираат јазикот и јазичниот израз на песната. Нашиот поет е вклучен и во сите процеси на општествено-политичкиот и културен развој на земјата..." (Китанов, 1998, стр. 203–204).

Претходно наведените цитати се однесуваат на времето на основањето на ДПМ, на Информбирото, на блиските југословенски, односно македонски врски со Бугарија поврзани со Пиринскиот дел на Македонија и подоцнежниот судир, но и со првите полемики на книжевно-естетски план кои најпрво започнале токму на страниците на *Нов ден*, а потоа продолжиле во *Млада литература, Современост* и *Разгледи*. И токму Шопов бил една од главните причини за развиорување на овој полемички вител, неговата интимна лирика и збирката песни *Стихови за маката и радоста*. Бидејќи творбите и информациите за настаните и активностите на Шопов, ДПМ и списанието изнесени на страниците на *Нов ден* ги прикажуваат тогаш актуелните тенденции во македонската литература, тие треба да се проучуваат и да се анализираат во тогашните дневно-политички и општествени услови во коишто се наоѓала Македонија, се разбира, во рамките на тогашна Југославија. Присуството на Шопов на страниците на *Нов ден* означува квантитативен и квалитативен исчекор во и на повоената македонска литература.

**Користена литература:**


[1] „Белешки". 1950а. *Нов ден*, бр. 3, 60.

[2] „Библиографија". 1950б. *Нов ден*, бр. 4, 75.

[3] Бошковски, Ј. 1949. „Темата на изградбата на нашата литература". *Нов ден*, бр. 6–7, 409–413.

[4] Китанов, Б. 1998. *Ацо Шопов, живот и дело*. Скопје: Култура.

[5] Митрев, Д. 1945. „Песните на Ацо Шопов". *Нов ден*, бр. 1, 58–60.

[6] Митрев, Д. 1946. „'Пруга на младоста' – стихозбирка од Славко Јаневски и Ацо Шопов". *Нов ден*, бр. 7–8, 61–63.

[7] Митрев, Д. 1950. „Годишен извештај на Друштвото на писателите". *Нов ден*, бр. 6, 62–71.

[8] Митрев, Д. 1972. *Тенденции во развојот на македонската литература*. Скопје: Современост.

[9] „Соопштение до претплатниците на 'Нов ден'". 1951. *Современост*, бр. 1, 3–4.

[10] Старделов, Г. 1993. „Првата деценија од поетското творештво на Ацо Шопов". *Творештвото на Ацо Шопов*. Скопје: Институт за македонска литература, 22–29.

## ACO ŠOPOV ON THE PAGES OF *NEW DAY* MAGAZINE

**Slavčo Koviloski**
Ss. Cyril and Methodius University, Skopje

The text refers to Aco Šopov's literary beginnings, which are largely related to the appearance and publication of the magazine "New Day" (1945–1950). Šopov first appeared as an editor and then as an author in the magazine and this is the milestone of the Contemporary literary life of the Macedonian language after World War II. Exploring Šopov's activities on the pages of "New Day" means studying the history of Macedonian literature.

**Key words:** *New Day magazine, Aco Šopov, contemporary magazine, Macedonian Association of Writers, Macedonian postwar literature.*